Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 20 август 2019 година**

**Скопје, август 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 20 август 2019 година**

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска и членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Хусни Исмаили, министер за култура, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Никола Николиќ и Снежана Наџаковска од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и нотар Билјана Пецовска.

Од седницата отсуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) гости

1. Информација со Годишна сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2018 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2018 година, со Ревизорски извештај и Предлог-одлуки

2. Информација за донесување на одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

3. Информација за донесување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вишок на средства на дел од акумулираната добивка на Јавното претпријатие за државни патишта и уплата на Буџетот на Република Северна Македонија и донесување на Одлука за обезбедување на средства за финансиска поддршка и развој за вршење на дејност на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро берза - Скопје, со Предлог-одлуки

4. Одлука за утврдување на вишокот на средства на дел од акумулираната добивка на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија Скопје и уплата во Буџетот на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и Предлог-одлуката за обезбедување на средства за финансиска поддршка и развој за вршење на дејност на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје

5. Програма за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2019 година на ЈПВ Лисиче - Велес, со Предлог-одлука

6. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица Пробиштип, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица Пробиштип

8. Програма за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2019 година, со Предлог-одлука

9. Информација за донесување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година, со Предлог-одлука

10. Информација за категоризација на спортските објекти во сопственост на Република Северна Македонија

11. Барање за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри Еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука

12. Годишна сметка и Финансиски извештаи за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2018 година, со предлог-одлуки

13. Предлог-одлука за продажба на деловен простор со кој стопанисува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје

14. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор, Предлог-одлука за престанок на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажни цени на станови, подруми и гаражи наменети за продажба и Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станови, подруми и гаражи наменети за продажба

15. Информација во однос на пренесување на правото на сопственост на движни ствари (дрвна маса) произлезена при изградбата на магистралниот гасовод Делница „Скопје-Тетово-Гостивар“

16. Информација за динамиката и финансиските средства за реализација на проектите за изградба на магистрални гасоводи, делница „Гостивар - Кичево“ и делница „Свети Николе - Велес“

17. Годишна сметка и Финансиски извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Извештај од Независниот ревизор за 2018 година и Годишен извештај за работата на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година, со Предлог-одлуки

18. Консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на АД Електрани на Северна македонија - Скопје за 2018 година, со Извештај од Независниот ревизор и Предлог-одлука

19. Информација за превентивни мерки кои ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на болеста африканска чума кај свињите

20. Информација за изготвување Закон за донирање на вишокот на храна

21. Информација за потребата да се обезбедат финансиски средства со цел итно и неодложно спроведување обука за тип на воздухоплов Air Tractor - AT-802A Fire Boss

22. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Секретаријат за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија и Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Секретаријат за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија

23. Информација за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - угостителска дејност на сплавови во Националниот парк Галичица - Извориште кај Св.Наум, со нов текст на Спогодба и Предлог-одлука

24. Известување доставено од Друштвото Фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ Велес

25. Тарифник за изменување и дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност, со Предлог-одлука

26. Збирен извештај за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините: Богданци, Велес, Гази Баба, Делчево, Кривогаштани, Крушево и Могила

27. Информација за донесување на Одлука за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

28. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

29. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

30. Информација за реализација на проектот за изнајмување на 6 (шест) монтажни лизгалишта во Република Северна Македонија

31. Информација за реализација на проектот за реконструкција на спортската сала „Зоран Стојановски“ во Општина Ресен

32. Информација во врска со утврдување коефициент за пресметување плата на државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија

33. Информација за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

34. Информација за преиспитување на работата на државен правобранител за подрачје Велес
35. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности

36. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности

37. Известување за отпис на опрема, доставено од ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија Скопје, со Предлог-одлука

38. Барање за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука

**б) економски систем и тековна економска политика**

39. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за виното

40. Информација за исполнување на барањата за извоз на меркантилен и семенски компир од Република Северна Македонија на пазарите во Европската Унија

41. Информација за престанување на важење на Одлуката за давање на користење на недвижни и движни ствари на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" - Скопје, со Предлог-одлука

42. Информација за работата на Меѓувладината македонско-руска комисија за трговско-економска и научно-техничка соработка меѓу Република Северна Македонија и Руската Федерација

43. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Сашко Димитров ул.„11-ти Октомври" бр.9, Росоман, со Предлог-одлука

44. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Игор Милошевиќ ул.Маршал Тито бр.25, Росоман, со Предлог-одлука

45. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со пратечки објекти КО Табановце, Општина Куманово, со Предлог-одлука
46. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на измена и дополна на Проект за инфраструктура за изградба на железничка пруга Куманово-Бељаковце, Општина Куманово, со Предлог-одлука

47. Информација за Програмата на економски реформи 2020-2022 година со Акциски план за реализација на препораките усвоени на Економско - финансискиот дијалог во мај 2019 година

48. Информација за назначување на Надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за програмскиот период 2007-2013 од Европската Унија на Република Северна Македонија, со Предлог-решение

49. Информација за потребата од склучување на Анекс број 2 кон Договорот за градба број 12-6471/1 заради дополнителни активности, потребни за завршување на проектот „Реконструкција со рехабилитација на железничката делница Битола-Кременица, како дел од железничкиот Коридор 10"

50. Информација во врска со ревидираниот прирачник за користење и одржување за „Меѓународен аеродром Скопје" и аеродром „Св. Апостол Павле" - Охрид на ТАВ Македонија, со Ревидиран прирачник

51. Информација во врска со потребата за донесување на Одлука за дезигнација на давател на услуги на воздухопловна навигација, со Предлог-одлука

52. Информација во врска со повикот од Националната електрична компанија ЕАД од Бугарија за изјавување на интерес за малцинско учество и купување на електрична енергија од страна на Република Северна Македонија во нуклеарната централа Белене

53. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - минерална вода на локалитетот „Прашник" Општина Кавадарци, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - минерална вода на локалитетот „Прашник" Општина Кавадарци бр.45-745/1 од 5.2.2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр.29/19), со Предлог-решение

54. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Кеопс, Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект
55. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Лагадин, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

56. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Лејквју, Отешево, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

57. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Барок, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

58. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Престиж, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објекти

59. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Широк Сокак, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

60. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.407 Пена, бр.277 Воденешница и бр. 408 Коселска Река

61. Информација со Предлог-кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавните функции именувани од страна на Владата

**в) политички систем**

62. Предлог за поведување постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба за измени на Спогодбата меѓу македонската Влада и албанската Влада за одржување, обновување и одбележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-албанската државна граница, со Нацрт текст на Спогодба

63. Информација за активностите на Комисијата за чување, одржување, обновување и обележување на граничните линии и граничните ознаки на Република Северна Македонија со соседните држави, за периодот јануари 2018 година - јуни 2019 година

64. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Арсовски против Република Македонија (А.бр.30206/06), со Предлог-одлука

65. Информација за активностите кои се преземаат со цел обезбедување на оперативност на системот за пробација

66. Информација за потреба од изработка на национално „Упатство за цивилно-воена медицинска соработка при одговор на хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарен (ХБРН) инцидент со човечки загуби“

67. Информација за учество на Република Северна Македонија во ISA2 Програмата, со Нацрт текст на Меморандум за разбирање и прилози

68. Информација за статусот на спроведување на проектот Национален портал за е-услуги за граѓани, со прилози

69. Информација за пристапувањето на Република Северна Македонија во Стратегијата за Јадранско - Јонскиот регион

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

70. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2020 година

71. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2020 година

72. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2020 година

73. Информација во врска со Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија за 2018 година и Годишниот извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2018 година, со нови текстови на годишните извештаи

74. Информација за донесување Одлука за изменување на Одлуката за формирање на Интер - ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите и донесување Решение за изменување на Решението за именување на членови на Интер - ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог-одлука и Предлог-решение

75. Информација за подготовка на Проект за социјално осигурување и пензиска администрација (СИПА Проект)

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

76. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија Крин-производство ДОО увоз-извоз с.Беровци, Прилеп на локалитетот „с.Беловодица", општина Прилеп

77. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги Бетон груп ДООЕЛ с.Боговиње, Боговиње на локалитетот „с.Чегране-Гостивар", општина Гостивар

78. Предлог-одлука за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот Чифлиска Краста, општина Дебарца

79. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државната комисија за спречување на корупција

**б) политички систем**

80. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово

81. Предлог-одлука за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО - Скопје

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

82. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје" - Скопје
83. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

84. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

85. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈУУДГС „Здравко Цветковски", Скопје)

86. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Кратово

87. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавна здравствена установа Клиничка болница „Д-р.Трифун Пановски" - Битола

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

88. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за виното, поднесен од пратеникот Панчо Минов

89. Барање за давање на автентично толкување на член 40 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и

„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), поднесено од градоначалникот на Општина Куманово

90. Барање за давање на автентично толкување на членовите 211 и 213-а од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 3/2006, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 10/2010, 16/2010, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 158/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 52/2012, 13/2013, 25/2013, 54/2013, 170/2013, 187/2013, 34/2014, 106/2014, 113/2014, 145/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 74/2015, 129/2015, 167/2015, 27/2016, 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019), поднесено од пратеникот Мира Стојчевска

91. Информација за состојбата со дивата депонија во Струга

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

92. Понуда од нотар Анета Петровска Алексовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12060 за КО Ѓорче Петров 1 Ново Село на КП бр. 746

93. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1078 за КО Бутел на КП бр.744, викано место Галичица и Имотен лист бр. 1077 за КО Бутел на КП бр. 747 викано место Галичица

94. Понуда од нотар Наташа Велеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 460 за КО Плетвар на КП бр. 1435 во место викано Село

95. Понуда за купопродажба на недвижен имот од нотар Џеват Бучи од Скопје со Имотен лист бр. 1578 за КО Бутел на КП бр. 4272 викано место/улица Мак.кос.бригада

96. Понуда од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотни листови бр.57173, бр.56265, бр.4019 и бр.8129 за КО Ресен на КП бр.4810

97. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.48300 за КО Бардовци на КП бр.881 викано место/улица Рупа

98. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.58701 КО Берово на КП бр.3549 викано место Сремски Фронт

99. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3102 за КО Ресен на КП бр.5709/1 викано место/улица Ѓупски Рид

100. Понуда од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.959544 за КО Чаир на КП 385 место викано/улица Александар Турунчиев

101. Понуда од нотар Татјана Миовска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1614 за КО Ратево на КП 4180 викано место Прнаре

102. Понуда од нотар Мартин Божиновски од Куманово, за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист бр.71778 за КО Куманово, на КП 25636/15, место викано/улица В.Карангелоски

103. Понуда од нотар Анита Адамческа, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.1943 за КО Стајковци, на КП 67 дел 1, викано место/улица Рупа

104. Понуда од нотар Олга Димовска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 50325 за КО Кисела Вода 1 на КП бр.761 на ул.„Иван Козаров“

105. Понуда од нотар Виолета Ангеловска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1584 за КО Дихово на КП бр.994, викано место/улица Језерчина

106. Понуда од нотар Љиљана Трповска за продажба на недвижен имот со Имотни листови бр.111005, бр.100289 за КО Тетово-1 на КП бр.3064

107. Известување од извршител Станислав Тасески за Понуда за користење право на првенствено купување со имот каде сосопственик на земјиштето се јавува Република Северна Македонија со Имотен лист бр.101255 за КО Охрид 3 и Заклучок за определување на проценител кој ќе врши процена на недвижност, доставени под И.бр.553/2018

108. Известување од извршител Катерина Кокина од Скопје, за втора усна јавна продажба, доставен под И.бр.1866/15, што ќе се одржи на ден 21.8.2019 година

**д) други предлози**

109. Кадровски прашања

110. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

111. План програмата за работа и развој на ЈП Колекторски систем - Скопје

112. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот април - јуни 2019 година

113. Тримесечен извештај за работењето на ЈПВ Лисиче - Велес, за период од 1.4.2019 година до 30.6.2019 година

114. Информација за степенот на реализација на јавното приватно партнерство за изградба на мали хидроелектрани на РВС Студенчица

115. Извештај за материјално - финансиското работење на ЈП „Студенчица“ Кичево, за втор квартал од 2019 година

116. Тримесечен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија за период 1.4. - 30.6.2019 година

117. Извештај за работата на ЈП ХС Злетовица Пробиштип, за периодот 1.4.2019 година до 30.6.2019 година

118. Извештај за финансиското работење на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката Скопје за периодот од 1.1.2019 година до 31.3.2019 година, со дополнувањето

119. Информација за состојба на коритото на река Црн Дрим со устието на Охридско Езеро и потреба од чистење

120. Полугодишен извештај за работата на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, за периодот јануари - јуни 2019 година

121. Годишен извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2018 година, ревидираните финансиски извештаи и Извештајот на независниот ревизор

122. Информација за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот, за периодот од 1.1.2019 година до 30.6.2019 година

123. Информација за проектот „Стоп на пороците“

124. Информација за извршени преговори со усогласен текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната

125. Извештај за извршен инспекциски надзор над спроведување на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен и стопански риболов за период јануари - јуни 2019 година

126. Информација со список за сите земјоделски култури за кој треба да се направат заострени контроли за евентуална злоупотреба на финансиска поддршка

127. Информација за склучување на Писмо за намери помеѓу Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Програмата за истражување, евалуација и практика за подготвеност за итни случаи на Харвард Т.Х Чан школа за јавно здравство со цел да придонесат заеднички за зголемување и подобрување на користењето на истражувачките податоци во креирањето политики и планирањето на програмите за СНЕ и проценка на локалните капацитети и активности поврзани со СНЕ, како и зајакнување на безбедноста на заедницата и отпорност кон насилен екстремизам

128. Акциски план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на Финансиски извештај и Ревизија на усогласеност за 2017 година на Агенција за филм на Република Северна Македонија

129. Информација за текот на реализација на Проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2019 година

130. Извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија во периодот јануари-јуни 2019 година

131. Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2018 година

132. Информација во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“ - Охрид, заклучно со јуни 2019 година на ТАВ Македонија

133. Информација за преземени мерки и активности за навремено доставување на бараните податоци согласно пропишаните рокови во склучените договори за соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за користење средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 по распишани јавни повици, поефикасна

имплементација на ИПАРД II согласно точка 7 од Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија

134. Информација за известување на Владата за донесување на решение за одобрување на ловење на дивеч под заштита поради следење на здравствена состојба и спречување на ширење на болеста Африканска чума кај свињите

135. Информација со Акциски план за реализација на Проектот „Подобрување на евиденција на шумскиот фонд“ за период 2014-2018 година

136. Информација за напредокот и активностите во врска со Програмската рамка на организација за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија 2018 - 2020

137. Информација за Програмата и приоритетите на Финското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија

138. Информација за одржаниот Петнаесетти состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, Брисел, 19 март 2019 година

139. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во периодот 1.4.2019 - 30.6.2019 година

140. Информација за реализација на мерките и активностите предвидени за надминување на проблемот на лицата кои не поседуваат лична документација

141. Информација за работата на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

142. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот

143. Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за развојни политики за јавни финансии и конкурентност

144. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кочани

145. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност

146. Информација за покачување на платите во основното, средното и високото образование во Република Северна Македонија за 5% почнувајќи од исплата на платата за септември 2019 година, со текст на спогодби

147. Информација за давање мислење за основање на општинско основно училиште „Киро Глигоров “ во општина Центар

148. Информација за исполнетост на условите на Друштво за трговија и услуги ЕУРОКАН ЗЕМЈОДЕЛИЕ ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

149. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за образување на Национална комисија за мало и лесно оружје

150. Предлог-решение за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со Годишна сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2018 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2018 година, со Ревизорски извештај и Предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2018 година, во предложениот текст.

2. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2018 година, во предложениот текст.

3. Го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2018 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и условно ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок предлагачот до потпишување на истата да достави мислење од Министерството за транспорт и врски.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вишок на средства на дел од акумулираната добивка на Јавното претпријатие за државни патишта и уплата на Буџетот на Република Северна Македонија и донесување на Одлука за обезбедување на средства за финансиска поддршка и развој за вршење на дејност на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро берза - Скопје, со Предлог-одлуки, го усвои и ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вишокот на средства на дел од акумулираната добивка на Јавното претпријатие за државни патишта и уплата во Буџетот на Република Северна Македонија, во предложениот текст и

- Одлуката за обезбедување на средства за финансиска поддршка и развој за вршење на дејност на Јавно претпријатие за берзанско работење „Агро-берза“, во предложениот текст.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ги разгледа Одлуката за утврдување на вишокот на средства на дел од акумулираната добивка на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија Скопје и уплата во Буџетот на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и Предлог-одлуката за обезбедување на средства за финансиска поддршка и развој за вршење на дејност на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на вишокот на средства на дел од акумулираната добивка на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија Скопје и уплата во Буџетот на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

2. Одлуката за обезбедување на средства за финансиска поддршка и развој за вршење на дејност на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата по Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2019 година на ЈПВ Лисиче - Велес, го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Програмата за изменување и дополнување на Годишната инвестициона програма за 2019 година на ЈПВ Лисиче - Велес, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата по новиот текст на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица Пробиштип, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица Пробиштип, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2019 година, со Предлог-одлука, и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавно претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на

вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за категоризација на спортските објекти во сопственост на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува ЈП за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија да ја достави целокупната документација за сите предмети со целокупната пропратна документација до Државното правобранителство на Република Северна Македонија со цел започнување на иницијатива за започнување постапка пред Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува ЈП за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да подготви соодветни Предлог-одлуки за распределба на спортските објекти, согласно предложената класификација и истите да ги достави во владина постапка во рок од два месеци, секаде каде што претходно имотно - правните односи ќе бидат расчистени, преку Државното правобранителство на Република Северна Македонија, односно ќе бидат запишани во Агенцијата за катастар на недвижности.

Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија да ја предава документацијата сукцесивно до Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со рок од 120 дена за сите објекти.

3. Се задолжува Министерството за правда, во соработка со Агенцијата за млади и спорт и Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија во рок од 60 дена да подготват и до Владата да достават соодветни Предлог-законски измени со цел разграничување на надлежностите и ингеренциите на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и Агенцијата за млади и спорт.

4. Се задолжуваат Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, во соработка со Агенцијата за млади и спорт да подготват список на објекти кои се запишани во Агенцијата за катастар на недвижности, а за кои потребно е да се направи елаборат за пренамена и истиот да го доставаат до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, а потоа Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ја спроведе постапката за изработка на елаборатите за пренамена.

## Точка 11

Владата по Барањето за донесување на одлука за отстапување на 600.000 литри Еуродизел БС гориво од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, со Предлог-одлука го донесе најновиот текст на Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје.

## Точка 12

Владата по Годишната сметка и Финансиските извештаи за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2018 година, со предлог-одлуки ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за одобрување на коригирана Годишна сметка и Финансиските извештаи за период од 1.1.2018 година до 31.12.2018 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје,

- Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2018 година,

- Одлуката за распоредување на добивката на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2018 година,

- Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2018 година (Кристијан Трајковски извршен член на Одбор на директори),

- Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2018 година (Шукри Масурица неизвршен член на Одбор на директори),

- Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2018 година (Џеват Исени претседател на Одбор на директори),

- Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2018 година (Силвана Јовчевска - независен неизвршен член на Одбор на директори) и

- Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2018 година (Александар Цуцулоски -неизвршен член на Одбор на директори),

во предложените текстови.

## Точка 13

Владата условно го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на деловен простор со кој стопанисува Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, со заклучок, предлагачот до потпишување на истата да достави Мислење од Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 14

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на станбен простор, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанок на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажни цени на станови, подруми и гаражи наменети за продажба, во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување продажна цена на станови, подруми и гаражи наменети за продажба, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во однос на пренесување на правото на сопственост на движни ствари (дрвна маса) произлезена при изградбата на магистралниот гасовод Делница „Скопје-Тетово-Гостивар“, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска

политика, поради потребата од дополнителни усогласувања со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за динамиката и финансиските средства за реализација на проектите за изградба на магистрални гасоводи, делница „Гостивар - Кичево" и делница „Свети Николе - Велес" и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост да се обрати до меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори со барање за обезбедување на средства во вид на заем обезбеден со државна гаранција за финансирање на проектите за изградба на магистрални гасоводи, делница „Гостивар - Кичево" и делница „Свети Николе - Велес".

2. Се задолжува Министерството за економија да достави барање, согласно буџетскиот циркулар до Министерството за финансии за обезбедување на финансиски средства за реализација на проектите за изградба на магистрални гасоводи, делница „Гостивар - Кичево" и делница „Свети Николе - Велес" во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

**Точка 17**

Владата по Годишната сметка и Финансискиот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Извештајот од Независниот ревизор за 2018 година и Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година, со Предлог-одлуки ги донесе новите текстови на:

- Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Финансискиот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со Извештајот од Независниот ревизор за 2018 година,

- Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година,

- Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година (Драган Миновски, претседател на Управен одбор),

- Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година (Фатмир Лимани, член на Управен одбор),

- Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година (Ѓорги Михаилов, член на Управен одбор),

- Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година (Добрила Стефаноска, член на Управен одбор),

- Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година (Благојче Трповски, член на Управен одбор),

- Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година (Иван Трпески, член на Управен одбор),

- Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година (Марјанчо Николов, член на Управен одбор),

- Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година (Верица Узунова Ангеловска, претседател на Надзорен одбор),

- Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година (Златко Петрески, член на Надзорен одбор),

- Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година (Сашо Додовски, член на Надзорен одбор),

- Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година (Љубчо Кижевски, член на Надзорен одбор) и

- Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во

државна сопственост, Скопје, за 2018 година (Садудин Ибраими (независен) член на Надзорен одбор),

во предложените текстови.

Истовремено, Владата го одложи донесувањето на Одлуката за распределба на добивка по Годишна сметка на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година поради потребата предлагачот да постапи по мислењето на Министерството за финансии кое укажува да се разгледа можноста дел од добивката да се распредели како дивиденда и уплати во Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година.

**Точка 18**

Владата по Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на АД Електрани на Северна македонија - Скопје за 2018 година, со Извештај од Независниот ревизор, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за превентивни мерки кои ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на болеста африканска чума кај свињите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни финансиски средства во Буџетот на Агенцијата за храна и ветеринарство.

2. Се задолжува Царинската управа да ги зголеми контролите на граничните премини во однос на личниот багаж за влез во државата и редовно, на дневна основа да ја известува Агенцијата за храна и ветеринарство за количеството на запленети производи од животинско потекло.

3. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги зајакне пограничните контроли и веднаш да ја извести Агенцијата за храна и ветеринарство за секоја пронајдена угинета дива свиња.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сектор за шумарство и ловство и Државниот инспекторат за шумарство и ловство да ги спроведе мерките за засилен отстрел согласно Решение 10-2363/1 од 24.07.2019 година.

5. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Решението за одобрување на ловење на дивеч под заштита поради следење на здравствената состојба и спречување на ширење на болеста Африканска чума кај свињите, (Решение број 50-7742/2 од 29.07.2019 година) на концесионерите на дивечот во ловиштата кои имаат застрел на дива свиња да им наложи половина од предвидениот годишен застрел да го извршат во рок од 10 дена. Притоа, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Сектор за шумарство и ловство да согледа дали во оваа активност може да се предвидат и ловечки кучиња. За секое грло застрелан дивеч на дива свиња Агенцијата за храна и ветеринарство на корисниците на дивечот во ловиштата (концесионерите) да му исплати надомест во висина од 1000 денари согласно Одлуката за висина на надоместоци за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните за што концесионерите со Агенцијата за храна и ветеринарство ќе склучат соодветен договор.

6. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да донесе решение за депопулација на свињите во одгледувалишта кои не се во можност да ги применуваат основните биосигурносни мерки во нивните одгледувалишта. Обештетувањето за одземените свињи при спроведување на депопулацијата ќе се спроведува согласно Упатството за определување за пазарна вредност за животните кои се одземаат заради сузбивање и искоренување на заразни болести на територијата на Република Северна Македонија.

7. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство веднаш да донесе забрана за трговија со свињи на добиточните пазари.

8. Се задолжува Министерството за одбрана заедно со Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да направат оперативен план, во рок од 3 работни дена, во кој ќе прикажат како ќе придонесат за санирање на состојбата, но посебно во ловиштата каде што нема концесионер или не им е определен присилен концесионер.

9. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство во рок од 5 работни дена да изработи ценовник по кои цени кланичната индустрија ќе ги исплаќа свињите при спроведувањето на превентивната мерка -депопулација. Оваа мерка ќе важи за регистрираните кланични капацитети кои ќе потпишат договор со Агенцијата за храна и ветеринарство.

10. Се задолжуваат единиците на локалната самоуправа преку своите служби да ја следат состојбата со депониите на територијата на општината и доколку има присуство на добиток - свињи итно да се нареди нивно запленување, убивање и нештетно отстранување како и на сите свињи затекнати надвор од одгледувалиштата кои не поседуваат здравствен сертификат или не се идентификувани.

11. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 5 работни дена да креира дополнителна мерка за финасиска поддршка на свињите за депопулација на свињите во одгледувалишта кои не се во можност да ги применат основните

биосигурносни мерки во нивните одгледувалишта. Висината на финансиската поддршка ќе изнесува 3.000 денари по грло за оние свињи кои ќе достават записник од официјален ветеринат преку Агенцијата за храна и ветеринарство до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за изготвување Закон за донирање на вишокот на храна и ја усвои со заклучокот:

- Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство во рок од 15 дена да го подготват и достават до Владата на Република Северна Македонија, Предлог-законот за донирање на вишокот на храна.

Дополнително, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за храна и ветеринарство да изградат усогласен став околу отворените прашања за кои работната група нема изградено став:

- дали постапувањето со донирана вишок храна ќе биде дејност од јавен интерес;
- финансиска поддршка на системот;
- определување на систем оператор и
- определување надлежен орган за мониториг и надзор на системот за донирање на вишок храна до корисникот.

Доколку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за храна и ветеринарство не се усогласат по отворените прашања тогаш Владата да заземе став по истите, при разгледување на Предлог-законот.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за потребата да се обезбедат финансиски средства со цел итно и неодложно спроведување обука за тип на воздухоплов Air Tractor - AT-802A Fire Boss и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување со цел да ги обезбеди потребните средства за спроведување обука за тип на воздухоплов Air Tractor - AT-802A Fire Boss (за пилотскиот и воздухопловно - технички кадар, 4 пилоти и 2 техничари) да направи пренамена и измена во Годишниот инвестиционен план за 2019 година, во рамките на сопствениот буџет.

2. Се задолжува Министерството за финансии при наредното буџетирање во буџетот на Дирекцијата за заштита и спасување да ги предвиди средствата за спроведување обука за тип на воздухоплов Air Tractor - AT-802A Fire Boss што Дирекцијата за заштита и спасување

претходно ќе ги обезбеди преку пренамена и измена во Годишниот инвестиционен план за 2019 година.

## Точка 22

Владата ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Секретаријат за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Секретаријат за европски прашања на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјекти кои вршат дејност во заштитено подрачје - угостителска дејност на сплавови во Националниот парк Галичица - Извориште кај Св.Наум, со нов текст на Спогодба и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјект кој врши дејност во заштитено подрачје - Национален парк Галичица, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата по Известувањето доставено од Друштвото Фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ Велес, заклучи да препорача на Надзорниот одбор на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ Велес:

- да го намали износот на паричниот надоместок за членовите на Надзорниот одбор на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ Велес;

- да го смени начинот на плаќање на паричниот надоместок на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ Велес, односно истиот да се исплаќа по одржана седница;

- да го намали бројот на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото Фабрика за шински возила „Велес“ ДООЕЛ Велес од пет члена на три члена.

**Точка 25**

Владата по најновиот текст на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа Збирниот извештај за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините: Богданци, Велес, Гази Баба, Делчево, Кривогаштани, Крушево и Могила, го усвои и се препорачува на Општина Велес во рок од 10 дена, да ја докомплетира документацијата и да ја достави до Комисијата за проценка и утврдување на штети од елементарни непогоди.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување на Одлука за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (најнов текст) и условно ја донесе Одлуката, доколку Министерството за транспорт и врски достави ново позитивно мислење по истата.

**Точка 29**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање да се усогласат во врска со материјалот.

## Точка 30

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за реализација на проектот за изнајмување на 6 (шест) монтажни лизгалишта во Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за политички систем, поради потребата Агенцијата за млади и спорт да ја разгледа можноста за изнајмување на монтажно лизгалиште во Општина Тетово.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот за реконструкција на спортската сала „Зоран Стојановски" во Општина Ресен и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка за избор на изведувач за реконструкција на спортската сала „Зоран Стојановски" во Општина Ресен.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги обезбеди потребните средства во висина од 8.000.000,00 денари за реализација на проектот за реконструкција на спортската сала „Зоран Стојановски" во Општина Ресен, во рамките на сопствениот буџет за 2019 година.

3. Се препорачува на Општина Ресен да обезбеди одобрение за реконструкција на спортска сала „Зоран Стојановски".

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата во врска со утврдување коефициент за пресметување плата на државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука и заклучи:

1. Да не ја усвои Информацијата во врска со утврдување коефициент за пресметување плата на државниот правобранител на Република Северна Македонија и државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

2. Да не ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 33**

Владата по новиот текст на Информацијата за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука заклучи да го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за определување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија, со која бројот на државни правобранители се зголемува за 21 и вкупниот број станува 56 и тоа во Скопје за 6, Куманово 2 и Охрид, Струмица, Гевгелија, Велес, Штип, Кавадарци, Битола, Прилеп, Кочани, Тетово, Гостивар, Струга и Кичево за 1.

Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија со Секретаријатот за законодавство да изврши номотехничко усогласување на оваа одлука.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за преиспитување на работата на државен правобранител за подрачје Велес и притоа заклучи:

- Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да ја преиспита работата на државниот правобранител за подрачје Велес, Петар Новески, во врска со судската постапка П.бр.08-63/17 која се води пред Основниот граѓански суд Велес и доколку смета дека е настаната повреда да поведе соодветна постапка пред надлежните органи и за истото во рок од 30 дена да ја информира Владата.

**Точка 35**

Владата условно ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 36**

Владата условно ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 37**

Владата го разгледа Известувањето за отпис на опрема, доставено од ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија Скопје, со Предлог-одлука, и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или

поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 38

Владата го разгледа Барањето за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за виното и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за виното да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за виното да се достави до Собранието, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници м-р Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Живко Брајковски, раководител на сектор во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 40

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за исполнување на барањата за извоз на меркантилен и семенски компир од Република Северна Македонија на пазарите во Европската Унија, го усвои и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарната управа да ја информира Владата за напредокот на оваа активност, во рок од 6 (шест) месеци.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го има предвид Мислењето на Секретаријатот за европски прашања (со укажување да се имаат предвид најавите на Европската комисија за измена на правилата за увоз на семенски

материјал од земјоделски производи од трети земји во Европската унија, кои беа презентирани од страна на Европската комисија, на објаснувачкиот состанок за Поглавје 12 , кој се одржа во февруари 2019 година).

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важење на Одлуката за давање на користење на недвижни и движни ствари на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за давање на користење на недвижни и движни ствари на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Меѓувладината македонско-руска комисија за трговско-економска и научно-техничка соработка меѓу Република Северна Македонија и Руската Федерација (нов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за работата на Меѓувладината македонско-руска комисија за трговско-економска и научно-техничка соработка меѓу Република Северна Македонија и Руската Федерација.

2. Го именува Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство за нов претседател на македонскиот дел на Меѓувладината македонско-руска комисија за трговско-економска и научно- техничка соработка.

За оваа цел, потребно е да се подготви соодветен акт, кој се смета за донесен на оваа седница на Владата.

3. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерство за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за образование и наука и Државниот завод за статистика, по усвојувањето на оваа Информација, во рок од 10 дена до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да назначат претставник кој ќе учествува во работата на работните групи, кои се во состав на Комисијата и да достават предлози за соработка кои ќе бидат предмет за преговори во рамки на Протоколот за IX - та седница на Комисијата.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Сашко Димитров ул.„11-ти Октомври" бр.9, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информација и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Игор Милошевиќ ул.Маршал Тито бр.25, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со пратечки објекти КО Табановце, Општина Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со пратечки објекти КО Табановце, Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на измена и дополна на Проект за инфраструктура за изградба на железничка пруга Куманово-Бељаковце, Општина Куманово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на измена и дополна на Проект за инфраструктура за изградба на железничка пруга Куманово-Бељаковце, Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата на економски реформи 2020-2022 година со Акциски план за реализација на препораките усвоени на Економско - финансискиот дијалог во мај 2019 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на замeникот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за информатичко општество и администрација, а се препорачува на Бирото за јавни набавки, Фондот за иновации и технолошки развој и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, до 26 август 2019 година до Министерството за финансии да достават дијагностика со предлог реформски мерки, согласно своите надлежности, кои ќе бидат составен дел од првата нацрт верзија на поглавје 5 од Програмата на економски реформи 2020 - 2022.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, а се препорачува на Народната Банка на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија до 26 август 2019 година до Националниот координатор за подготовка на Програмата за економски реформи да достават предлози на активности и рокови за нивна реализација преку кои ќе се исполнат Заедничките заклучоци наведени во Акцискиот план за реализација на препораките усвоени на Економско - финансискиот дијалог во мај 2019 година.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, а се препорачува на Народната банка на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во два наврати, еднаш до 25 октомври 2019 година и еднаш до 25 декември 2019 година до Националниот координатор за подготовка на Програмата за економски реформи да достават детални известувања за реализацијата на активностите со кои се исполнуваат препораките во нивна надлежност, согласно Акцискиот план за реализација на препораките усвоени на Економско - финансискиот дијалог во мај 2019 година.

**Точка 48**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за назначување на Надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за програмскиот период 2007-2013 од Европската Унија на Република Северна Македонија, со Предлог-решение.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Анекс број 2 кон Договорот за градба број 12-6471/1 заради дополнителни активности, потребни за завршување на

проектот „Реконструкција со рехабилитација на железничката делница Битола-Кременица, како дел од железничкиот Коридор 10" (најнов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни средства во износ од 926.470,26 евра за потребата од склучување на Анекс бр.2 кон Договорот за градба број 12-6471/1 за проектот „Реконструкција со рехабилитација на железничката делница Битола-Кременица, како дел од железничкиот Коридор 10", со цел реализација и ставање на проектот во употреба.

2. Се задолжува Секторот за централно финансирање и склучување на договори-ЦФЦД при Министерството за финансии да го подготви Анекс број 2 кон Договорот за градба број 12-6471/1 за проектот „Реконструкција со рехабилитација на железничката делница Битола-Кременица, како дел од железничкиот Коридор 10" и по одобрување на истиот од страна на Министерството за транспорт и врски и од страна на ЈП МЖ Инфраструктура да го достави на „ex-ante" одобрување до Делегацијата на Европската Унија.

**<u>Точка 50</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со ревидираниот прирачник за користење и одржување за „Меѓународен аеродром Скопје" и аеродром „Св. Апостол Павле" - Охрид на ТАВ Македонија, ја усвои и го одобри ревидираниот прирачник за користење и одржување за „Меѓународен аеродром Скопје" и аеродром „Св. Апостол Павле" - Охрид на ТАВ Македонија.

**<u>Точка 51</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за донесување на Одлука за дезигнација на давател на услуги на воздухопловна навигација, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за дезигнација на давател на услуги на воздухопловна навигација, во предложениот текст.

**<u>Точка 52</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со повикот од Националната електрична компанија ЕАД од Бугарија за изјавување на интерес за малцинско учество и купување на електрична енергија од страна на Република Северна Македонија во нуклеарната централа Белене и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија да ја извести Националната електрична компанија ЕАД од Бугарија дека поради активностите на Владата на Република Северна Македонија Писмото со намера ќе им биде доставено во рок од три дена.

2. Се задолжува АД ЕСМ - Скопје веднаш да ги подготви и обезбеди потребните документи и целокупната документација наведена во Писмото со намери.

3. Се задолжуваат членовите на Управниот одбор на АД ЕСМ - Скопје да го подготват Писмото за интерес за добивање на малцинско учество, како и купување на електрична енергија од нуклеарната централа Белене, согласно на објавениот повик за изградба на нуклеарна централа Белене при што:

- Процент на акции кои ќе се откупуваат за добивање на статус малцински содружник: максимум 10%;
- Количини на електрична енергија кои ќе се откупуваат: 10%;
- Рок на откупување на електрична енергија: до време траење на проектот;
- Дневен дијаграм на електричната енергија: базна енергија.

4. Се задолжува Васко Ковачевски - директор на АД ЕСМ - Скопје да го потпише Писмото за интерес и да го достави до Националната електрична компанија ЕАД од Бугарија.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - минерална вода на локалитетот „Прашник" Општина Кавадарци, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - минерална вода на локалитетот „Прашник" Општина Кавадарци бр.45-745/1 од 5.2.2019 година („Службен весник на Република Македонија" бр.29/19), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина, со заклучок до потпишување на Решението Министерството за транспорт и врски да достави номинации за член и заменик член во Комисијата.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Кеопс, Битола, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Кеопс - Битола, со седиште на ул. „Васко Карангелески" бр.31, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Лагадин, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Лагадин со седиште во населено место без уличен систем бр.75А - Лагадин, Охрид, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

## Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Лејквју, Отешево, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Лејквју, со седиште во населено место Отешево, Ресен, хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

## Точка 57

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Барок, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Барок со седиште на ул.Гоце Делчев бр.46 - Гостивар, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

## Точка 58

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Престиж, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објекти (хотел Престиж со седиште во населено место без уличен систем/магистрален пат Мислешево, Струга за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од хотел Широк Сокак, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел Широк Сокак со седиште

на ул.Рузвелтова бр.1 - Битола, хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**<u>Точка 60</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.407 Пена, бр.277 Воденешница и бр. 408 Коселска Река и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ЦММ Енерѓи Компани ДООЕЛ експорт - импорт Скопје дека за локацијата бр.407 Пена, согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 19.4.2020 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

2. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ЦММ Енерѓи Компани ДООЕЛ експорт - импорт Скопје да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.407 Пена ќе се продолжи најмалку до 19.5.2020 година.

3. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот ХЕЦ 277 ДОО Скопје дека за локацијата бр.277 Воденешница, согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 10.10.2019 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

4. Владата како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.408 Коселска Река на концесионерот ХЕЦ 408 ДОО Скопје до 11.11.2020 година.

5. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот ХЕЦ 408 ДОО Скопје дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 4 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелктрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.408 Коселска Река.

6. Се овластува министерот за економија во име на Владата, како концедент, да потпише Анекс на Договорот за концесија со кој се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа на локацијата бр.408 Коселска Река како што е наведено во точка 4 од овие заклучоци.

7. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот ХЕЦ 408 ДОО Скопје да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.408 Коселска Река ќе се продолжи најмалку до 11.12.2020 година.

## Точка 61

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавните функции именувани од страна на Владата (најнов текст-20.8.2019 година), ја усвои Информацијата и го утврди Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавните функции именувани од страна на Владата, во предложениот текст.

## Точка 62

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за потпишување на Спогодба за измени на Спогодбата меѓу македонската Влада и албанската Влада за одржување, обновување и одбележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-албанската државна граница, со Нацрт текстот на Спогодба и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт текстот на Спогодба за измени на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за одржување, обновување и одбележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-албанската државна граница, како основа за водење на преговорите.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во рок од 10 дена, до албанската страна по дипломатски пат да ги достави забелешките по Нацрт текстот на Спогодба за измена на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за одржување, обновување и одбележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-албанската државна граница.

3. Се задолжува шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија, при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Спогодбата за измени на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за одржување, обновување и одбележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-албанската државна граница.

4. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Спогодбата за измени на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за одржување, обновување и одбележување на граничната линија и граничните ознаки на македонско-албанската државна граница, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија, по завршените преговори, во рок од 30 дена, на Владата на Република Северна Македонија да поднесе извештај за завршени преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Спогодбата.

**Точка 63**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за активностите на Комисијата за чување, одржување, обновување и обележување на граничните линии и граничните ознаки на Република Северна Македонија со соседните држави, за периодот јануари 2018 година - јуни 2019 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата предлагачот текстот на материјалот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство и да обезбеди мислење од Министерството за внатрешни работи и Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ - Скопје.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Арсовски против Република Македонија (А.бр.30206/06), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

Исплатата на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година согласно пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Арсовски против Република Македонија (А.бр.30206/06) да биде најдоцна до 24 септември 2019 година.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите кои се преземаат со цел обезбедување на оперативност на системот за пробација, ја усвои и ја задолжи Управата за извршување на санкциите, во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Националниот совет за информатичка и компјутерска технологија да ги разгледаат и по потреба да ги ревидираат техничките спецификации за набавката на услуги за одржување, сервисирање и поправка на опремата за пробација, како и да се изнајде соодветно решение за спроведување на постапката за јавна набавка, со цел да се обезбеди оперативност на системот на пробација на територијата на целата земја.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од изработка на национално „Упатство за цивилно-воена медицинска соработка при одговор на хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарен (ХБРН) инцидент со човечки загуби“ и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за здравство да формира работна група со претставници од Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи која ќе изработи национален документ „Упатство за цивилно - воена медицинска соработка при одговор на хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарен инцидент со човечки загуби“ до 15 септември 2019 година.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за учество на Република Северна Македонија во ISA2 Програмата, со Нацрт текст на Меморандум за разбирање и прилози и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Меморандумот за разбирање за учество во ISA2 Програмата.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 15 дена во име на Владата на Република Северна Македонија да испрати писмо за намери адресирано до DG DIGIT со кое ќе изрази желба за учество во ISA2 програмата.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 15 дена по прифаќањето на барањето за учество во ISA2 програмата од страна на DG DIGIT, да ја започне постапката за взаемно усогласување на Меморандумот за разбирање за учество во ISA2 програмата.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација во рок од 10 дена по завршувањето на усогласувањето на текстот на Меморандумот за разбирање за учество во ISA2 програмата, до Владата да поднесе писмен извештај за завршеното усогласување.

## Точка 68

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на спроведување на проектот Национален портал за е-услуги за граѓани, со прилозите и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација на полугодишно ниво да ја известува Владата за статусот на спроведување на проектот Национален портал за е-услуги за граѓани, почнувајќи од декември 2019 година.

2. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура и Министерството за труд и социјална политика, а се укажува на Централниот регистар да определат верификатори на административни услуги согласно Законот за електронско управување и електронски услуги, и во рок од 15 дена да го известат Министерството за информатичко општество и администрација.

3. Се задолжуваат органите на државна управа, а се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа наведени во Прилог 9, преку своите верификатори, најдоцна во рок од 30 дена да ги верификуваат услугите кои се внесени во Каталогот на услуги, а за кои органот е надлежен.

**Точка 69**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за пристапувањето на Република Северна Македонија во Стратегијата за Јадранско - Јонскиот регион за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се усогласи со Министерството за надворешни работи.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

**Точка 70**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 72**

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за образование и наука да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините - во наредниот период во формулата во рамки на критериумот коефициент (пондер) за стручно образование да се даде поголема тежина на техничкото стручно образование.

**Точка 73**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија за 2018 година и Годишниот извештај за

спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2018 година, со нови текстови на годишните извештаи и притоа ги донесе следните заклучоци

1. Ја усвои Информацијата во врска со Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија за 2018 година и Годишниот извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2018 година.

2. Го усвои Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија за 2018 година, како материјал за информирање.

3. Го усвои Годишниот извештај за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2018 година и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија во рок од една недела од усвојувањето на Информацијата.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика.

## Точка 74

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување Одлука за изменување на Одлуката за формирање на Интер - ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите и донесување Решение за изменување на Решението за именување на членови на Интер - ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог-одлука и Предлог-решение и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Интер - ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите (најнов текст), во предложениот текст.

2. Го донесе Решението за изменување на Решението за именување на членови на Интер - ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 75

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за подготовка на Проект за социјално осигурување и пензиска администрација (СИПА Проект) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги преземе потребните активности за подготовка на Проектот за социјално осигурување и пензиска администрација (СИПА Проект) вклучително и потребните законски измени и да ја информира Владата, најдоцна до 30 септември 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да организира јавни расправи по однос на досегашната примена на Законот за вработување на инвалидни лица и потребата од негова измена со цел вработување на инвалидните лица на отворениот пазар на труд, најдоцна до крајот на 2020 година.

3. Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за финансии, а им се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Управата за јавни приходи, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување да ги преземат потребните активности за подготовка на Проектот за социјално осигурување и пензиска администрација (СИПА Проект) најдоцна до 30 септември 2019 година.

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги координира активностите за воведување на единствен регистар за социјално осигурување во рамките на Управата за јавни приходи.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да ги координира активностите за воспоставување на единствен систем за утврдување на инвалидност и регистар на лица со инвалидност.

## Точка 76

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија Крин-производство ДОО увоз-извоз с.Беровци, Прилеп на локалитетот „с.Беловодица“, општина Прилеп, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе биде разгледана на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за економија да достави Уверение за платени даноци и придонеси од Друштвото, како и да обезбеди мислења по материјалот од Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 77

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и

услуги Бетон груп ДООЕЛ с.Боговиње, Боговиње на локалитетот „с.Чегране-Гостивар“, општина Гостивар (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 78

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот Чифлиска Краста, општина Дебарца, во предложениот текст.

## Точка 79

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државната комисија за спречување на корупција, во предложениот текст.

## Точка 80

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, во предложениот текст.

## Точка 81

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижни ствари на Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО - Скопје, во предложениот текст.

## Точка 82

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ - Скопје, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 83

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово, во предложениот текст.

## Точка 84

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈУУДГС „Здравко Цветковски“, Скопје), во предложениот текст.

**Точка 86**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Кратово, во предложениот текст.

**Точка 87**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавна здравствена установа Клиничка болница „Д-р.Трифун Пановски“ Битола (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 88**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за виното, поднесен од пратеникот Панчо Минов и притоа го утврди следното мислење:

Најголемиот дел од одредбите на Предлог-законот за измени и дополнување на Законот за виното се веќе уредени во постојното законско решение или се предложени во Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за виното како и други позитивни законски прописи кои ја уредуваат областа, првенствено Законот за земјоделство и рурален развој.

Покрај тоа во Предлог-законот се предложени решенија кои се веќе уредени во подзаконски акт кој е на сила, како и барања неостварливи од аспект на полагање на помошен испит за возрасни од областа на лозарството и винарството, особено имајќи предвид дека во моментов не постои образована институција која врши ваква едукација.

Конечно, Предлог-законот предвидува и одредби кои негативно ќе влијаат кон односите помеѓу производителите на грозје и вино воспоставени во текот на примената на постојното законско решение, со што негативно ќе се одразат на пласманот на грозје и вино, односно развојот на лозарството и винарството во целина.

Поради сите горенаведени причини, Владата на Република Северна Македонија не го подржува донесувањето на Предлог-законот за измени и дополнување на Законот за виното, изготвен од страна на пратеникот Панчо Минов.

## Точка 89

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 40 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), поднесено од градоначалникот на Општина Куманово и притоа го утврди следново мислење:

Според одредбата од член 1 став 1, 2 и 3 од Законот за користење и располагање со стварите на државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, „со овој закон се уредуваат правата и должностите на државните органи во однос на набавката, користењето и располагањето со стварите во државна сопственост, што како долгорочни средства ги користат државните органи за извршување на работите и задачите во земјата и во странство, освен за стварите што ги користат дипломатско конзуларните преставништва на Република Македонија.

Со овој закон се уредуваат правата и должностите на правните лица основани од државата во однос на користењето на недвижни и движни ствари, размената на недвижни и движни ствари, продажбата и давањето во закуп на движни ствари во државна сопственост.

Со овој закон се уредува и постапката за давање на користење на стварите во општинска сопственост на државните органи и правни лица основани од државата, како и постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и продажбата на движни ствари во општинска сопственост, како и продажба на ствари за кои е издаден лист за предбележување на градба во корист на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје."

Според одредбата од член 67 став 1 и 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, „одредбите од овој закон кои се однесуваат на продажба и закуп на недвижни ствари со електронско јавно наддавање соодветно се применуваат и при продажбата и давањето во закуп на недвижни и продажбата на движни ствари во општинска сопственост.

Одредбите од овој закон не се применуваат во постапките за давање во закуп на недвижни ствари на правните лица основани од општините,општините во Градот Скопје и Градот Скопје од областа на културата, спортот, образованието, детската и социјалната заштита."

Според одредбата од член 40 став 1 и 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, „Владата на Република Македонија, на образложен предлог на одговорното лице на државниот орган, може да одлучи определена недвижна ствар да се даде во закуп со непосредна спогодба.

Недвижната ствар од ставот 1 на овој член се дава во закуп со услов, а заради нејзино користење за определена намена во случаи на:

- користење на недвижна ствар за определена намена од областа на одбраната и безбедноста на Република Македонија (производи и услуги за потребите на одбраната и безбедноста);
- користење на недвижната ствар за научни, културни и образовни потреби;
- кога со давање во закуп на недвижната ствар се презема и обврска за преземање на работници вработени во државните органи;
- користење на недвижната ствар за потребите на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје ;
- користење на недвижната ствар од здруженија на граѓани и фондации за остварување на непрофитни дејности од интерес за Република Македонија;
- користење на недвижната ствар за изведување на научни , културни и образовни проекти од интерес за Република Македонија;
- користење на недвижната ствар за потребите на организациите и специјализираните агенции на Обединетите нации, Советот на Европа и НАТО и
- користење на недвижната ствар за потребите и во функција на граничните премини.

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби, се укажува дека давањето под закуп на недвижни ствари во општинска сопственост исто како и давањето под закуп на недвижните ствари во државна сопственост се врши со услов односно доколку се исполнети некои од условите таксативно наведени во член 40 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, а не и надвор од тие случаи.

Доколку не се исполнети некои од наведените услови во член 40 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, во тој случај давањето под закуп на недвижни ствари во општинска сопственост ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање како што е случај и со давањето под закуп на недвижните ствари во државна сопственост.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбата од член 40 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) е јасна и прецизна и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на истата.

<u>**Точка 90**</u>

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на членовите 211 и 213-а од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 3/2006, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 10/2010, 16/2010, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 158/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 52/2012,

13/2013, 25/2013, 54/2013, 170/2013, 187/2013, 34/2014, 106/2014, 113/2014, 145/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 74/2015, 129/2015, 167/2015, 27/2016, 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/2019), поднесено од пратеникот Мира Стојчевска, поради потребата Министерството за труд и социјална политика да достави ново мислење по истото и да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со дивата депонија во Струга и притоа го утврди следното мислење:

Министерството за животна средина и просторно планирање формира работна комисија со претставници од Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство и Дирекцијата за заштита и спасување. Комисијата на 14.6.2017 година излезе на терен и се направија консултации со градоначалникот на Општина Струга, одговорните лица од Општината и Јавното комунално претпријатие „Комунално" од Струга.

Комисијата на 20.6.2017 година достави до Владата информација која содржи податоци за состојбата со депонијата и предлог конкретни заклучоци за брзо и ефикасно решавање на овој проблем.

Краткорочните мерки кои беа предложени од страна на Комисијата се веќе реализирани и пожарот на депонијата е угаснат. Исто така, депонијата е под 24 часовен надзор и дополнително поставени се и видео камери. Во моментов распишан е јавен повик (од страна на Општина Струга) за оператор кој ќе се грижи за депонијата и соодветно ќе ја управува, до нејзиното комплетно затворање согласно со законските прописи.

- Во гасењето на пожарот на депонијата беа ангажирани шест компании кои учествуваа со соодветна механизација и човечки ресурси, и тоа како што следува:

- Од страна на Илинден АД Струга, беа ангажирани тројца техничари кои работеа по шест часа во текот на четири дена (од 23:00 до 5:00) како и багер Caterpillar 7 k по шест работни часа за четири дена, багер Liebherr по шест работни часа за четири дена, една цистерна за вода, булдожер Caterpillar 7 k кој работеше 12 работни часа во текот на три дена и десет камиони кои донесоа вкупно 6970 м3 сепариран камен материјал за тампонирање на пристапниот пат до депонијата.
- Друштвото Викториа Инвест, Елбасан беше ангажирано за санирањето на пожарот на депонијата во Струга и тоа со 12 камиони, еден багер и утоварна, како и три булдожера. Беа донесени вкупно 4740 м3 земја со која се гасеше пожарот.
- Друштвото ДООЕЛ „Ми Транс" од с.Велешта, учествуваше со седум камиони и по еден багер и утоварна, а донесено е вкупно 4200 м3 материјал на самата депонија.

- ДБ ГРУП 2015 од с.Ливада работеше со три камиони или вкупно префрлен материјал од околу 300 м3 земја, со тројца вработени за време од два дена.
- Мирани АГ во истите четири дена работеше со три камиони и багер или вкупно префрлен материјал од околу 300 м3 земја со тројца вработени за 36 часа.

Во изминатиот период (од јули до септември 2017 година) Министерството за животна средина и просторно планирање ги спроведе и среднорочните мерки кои беа неопходни да се преземат, а со цел финално решавање на проблемот со депонијата во Струга. Имено, се изработи детална анализа на постоечката локација, вклучувајќи топографско снимање на постоечкото тело и се спореди со постоечки топографски мапи за да се утврдат вистинските количини на отпад на депонијата. Се изработи анализа на основата со цел да се утврди хидрогеологијата на локацијата. Овие испитувања ќе послужат како основа за изработка на проектна документација за затворањето, ќе се испланира најдобриот начин на затворање - обвивка на депонијата. Со оглед на тоа дека депонијата ќе продолжи со работа и по затворање на постоечкото тело, потребно е да се земе во предвид отворањето на новата површина (ќелија) на која ќе продолжи да се депонира отпадот во наредните години до основањето на регионалната депонија, а на оваа локација ќе се формира претоварна станица за отпад како што е предвидено со Регионалниот план за управување со отпад за Југозападниот регион. Ќе следува оградување на локацијата и поставување на најмалку три пиезометри (бунари за надзор) кои ќе бидат избушени во долната зона на депонијата со цел да се обезбеди можност за континуирана контрола на подземните води.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска Алексовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 12060 за КО Ѓорче Петров 1 Ново Село на КП бр. 746 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните Мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 1078 за КО Бутел на КП бр.744, викано место Галичица и Имотен лист бр. 1077 за КО Бутел на КП бр. 747 викано место Галичица и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Наташа Велеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 460 за КО Плетвар на КП бр. 1435 во место викано Село и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните Мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 95

Владата ја разгледа Понудата за купопродажба на недвижен имот од нотар Џеват Бучи од Скопје со Имотен лист бр. 1578 за КО Бутел на КП бр. 4272 викано место/улица Мак.кос.бригада и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 96

Владата ја разгледа Понудата од нотар Николче Павловски од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотни листови бр.57173, бр.56265, бр.4019 и бр.8129 за КО Ресен на КП бр.4810 и по Понудата го прифати Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 97

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.48300 за КО Бардовци на КП бр.881 викано место/улица Рупа и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 98

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.58701 КО Берово на КП бр.3549 викано место Сремски Фронт и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 99

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3102 за КО Ресен на КП бр.5709/1 викано место/улица Ѓупски Рид и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 100

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ирфан Јонузовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.959544 за КО Чаир на КП 385 место викано/улица Александар Турунчиев и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Татјана Миовска од Берово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1614 за КО Ратево на КП 4180 викано место Прнаре и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 102**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мартин Божиновски од Куманово, за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист бр.71778 за КО Куманово, на КП 25636/15, место викано/улица В.Карангелоски и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Адамческа, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.1943 за КО Стајковци, на КП 67 дел 1, викано место/улица Рупа и по Понудата ги усвои Мислењето на Министерството за здравство и Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Олга Димовска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 50325 за КО Кисела Вода 1 на КП бр.761 на ул.„Иван Козаров“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Виолета Ангеловска за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1584 за КО Дихово на КП бр.994, викано место/улица Језерчина и по истата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Понудата од Нотар Љиљана Трповска за продажба на недвижен имот со имотни листови бр.111005 и бр.100289 за КО Тетово-1 на КП бр.3064 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 107**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Станислав Тасески за Понуда за користење право на првенствено купување со имот каде сосопственик на земјиштето се јавува Република Северна Македонија со Имотен лист бр.101255 за КО Охрид 3 и Заклучок за определување на проценител кој ќе врши процена на недвижност, доставени под И.бр.553/2018 и по истото го усвои Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 108**

Владата по Известувањето од извршител Катерина Кокина од Скопје, за втора усна јавна продажба, доставен под И.бр.1866/15, што ќе се одржи на ден 21.8.2019 година, го усвои Мислењето што до Владата ќе го достави Акционерското друштво за стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката- Скопје.

**Точка 109**

1. Владата го разреши Роберт Марков од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈУ Центар за социјална работа Валандово, на негово барање.

2. Владата ја разреши Љубица Невеселова од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Центар за социјална работа Валандово, поради постоење состојба на судир на интереси.

3. Владата на Премтим Исени, разрешен од должноста претседател на Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Северна Македонија, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата, за време од 9 месеци, сметано од 17.7.2019 година до 17.4.2020 година.

4. Владата го избра Вангел Андрески за неизвршен член на Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 110**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, за периодот од 12 август 2019 година до 18 август 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата по повод Барањето на Кабинетот на министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во

Република Северна Македонија, заклучи да се измени Заклучокот донесен по Точка 68 - Информација за потребата од печатење на нови дополнителни изданија на граматика на ромски јазик и речник на македонски - ромски јазик, од Нацрт-записникот од 139-та седница на Владата, одржана на 11 јуни 2019 година и истиот да гласи:

„Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да отвори повик за избор на издавачка куќа за издавање на граматиката на ромски јазик и речник на македонски - ромски јазик".

**3.** Владата на предлог на Министерството за правда заклучи да се измени заклучокот под ред.бр.3, донесен по Извештајот од Четиринаесеттиот состанок на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, на седницата, одржана на 30 јули 2019 година и истиот да гласи:

„3. Се задолжува Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да предложи работна група, која ќе изнајде начин на употреба на егзонимите и ендонимите во документите, кои ги издаваат надлежните институции во Република Северна Македонија.

**4.** Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за одбрана, Државната комисија за спречување на корупцијата, Комисијата за заштита од дискриминација, Државниот инспекторат за употреба на јазиците, Управата за финансиска полиција, Агенцијата за иселеништво на Република Северна Македонија, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, веднаш да ги достават буџетските циркулари за 2020 година до Министерството за финансии.
**5.** Владата го разгледа Барањето за изменување на заклучок, доставено од Министерството за финансии и заклучи:

1. Да престане да важи Заклучокот од 149-та седница на Владата со кој се задолжува Министерството за финансии да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на висината на надоместокот за чување и евапорација на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати со кои ќе се опфатат и потребите на Агенцијата за стоковни резерви.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Агенцијата за стоковни резерви да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави соодветни изменувања на Уредбата за утврдување на висината на надоместокот на трошоци на складиштарите за складирање,

чување и обновување на стоковните резерви кои да се усогласат со Уредбата за утврдување на висината на надоместокот за чување и евапорација на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, со кои ќе се опфатат потребите на Агенцијата за стоковни резерви.

**Точка 111**

Владата ја разгледа План програмата за работа и развој на ЈП Колекторски систем - Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

- согласно мислењата на Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии, предлагачот да ја надополни План програмата;
- новиот усогласен текст на План програмата, согласно член 19 став 2 од Законот за Јавни претпријатија да се достави на усвојување до Управниот одбор на ЈП Колекторски систем - Скопје.

**Точка 112**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за периодот април - јуни 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 113**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на ЈПВ Лисиче - Велес, за период од 1.4.2019 година до 30.6.2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата му укажува на ЈПВ Лисиче Велес согласно мислењата на Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање да преземе мерки за намалување на непродуктивните трошоци, покривање на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата.

**Точка 114**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на јавното приватно партнерство за изградба на мали хидроелектрани на РВС Студенчица, како материјал за информирање.

**Точка 115**

Владата го разгледа Извештајот за материјално - финансиското работење на ЈП „Студенчица“ Кичево, за втор квартал од 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 116**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија за период 1.4. - 30.6.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 117**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС Злетовица Пробиштип, за периодот 1.4.2019 година до 30.6.2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата, согласно мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање, му укажува на ЈП ХС Злетовица Пробиштип да преземе мерки и активности за покривање на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата кои се настанати во изминатиот период.

**Точка 118**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката Скопје за периодот од 1.1.2019 година до 31.3.2019 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 119**

Владата ја разгледа Информацијата за состојба на коритото на река Црн Дрим со устието на Охридско Езеро и потреба од чистење, како материјал за информирање, со заклучок предлагачот во иднина да престане да ја информира Владата по однос на Информацијата.

**Точка 120**

Владата го разгледа новиот текст на Полугодишниот извештај за работата на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, за периодот јануари - јуни 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија да превземе подготвителни активности за зајакнување на административните капацитети од техничките науки, согласно мислењето на Министерството за економија, имајќи ги предвид обврските кои произлегуваат од подзаконската легислатива од Законот за енергетика, како и обврските кои ќе настанат за Агенцијата за енергетика со донесување на Законот за енергетска ефикасност.

**Точка 121**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот за 2018 година, ревидираните финансиски извештаи и Извештајот на независниот ревизор, како материјал за информирање, со следните укажувања:

1. Се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот да постапи по забелешките дадени од страна на независниот ревизор и да ја информира Владата во рок од 30 дена во однос на преземените мерки и активности за отстранување на констатираните недостатоци.

2. Се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот потребните човечки и просторни капацитети да ги обезбеди во рамки на планираните средства во сопствениот буџет.

3. Се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот во однос на нецелосниот увид и податоци за имотот со кој управува Агенцијата, односно вредноста на државниот капитал за 2018 година, да спроведе попис на конфискуван имот согласно закон.

4. Се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот наредниот годишен извештај за 2019 година да го достави во законски утврдениот рок согласно член 10 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

**Точка 122**

Владата ја разгледа Информацијата за вкупниот одземен (конфискуван) имот, имотна корист и одземени предмети со кој управува Агенцијата за управување со одземен имот, за периодот од 1.1.2019 година до 30.6.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 123**

Владата ја разгледа Информацијата за проектот „Стоп на пороците“, како материјал за информирање.

**Точка 124**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за извршени преговори со усогласен текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за соработка во областа на ветеринарната политика и безбедност на храната, како материјал за информирање.

## Точка 125

Владата го разгледа Извештајот за извршен инспекциски надзор над спроведување на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен и стопански риболов за период јануари - јуни 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 126

Владата ја разгледа Информацијата со список за сите земјоделски култури за кој треба да се направат заострени контроли за евентуална злоупотреба на финансиска поддршка, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Државниот инспекторат за земјоделство, во соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Управата за јавни приходи, веднаш да започнат засилени контроли кај апликантите кои пријавиле култивирани лековити, ароматични и зачински растенија (засеани и за одржување), како и кај апликантите кои ги пријавиле следниве градинарски култури: боранија, грав, грашок и спанаќ и за преземените мерки и активности во рок од 60 дена да ја информираат Владата.

## Точка 127

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Писмо за намери помеѓу Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и Програмата за истражување, евалуација и практика за подготвеност за итни случаи на Харвард Т.Х Чан школа за јавно здравство со цел да придонесат заеднички за зголемување и подобрување на користењето на истражувачките податоци во креирањето политики и планирањето на програмите за СНЕ и проценка на локалните капацитети и активности поврзани со СНЕ, како и зајакнување на безбедноста на заедницата и отпорност кон насилен екстремизам, како материјал за информирање.

## Точка 128

Владата го разгледа најновиот текст на Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на Финансиски извештај и Ревизија на усогласеност за 2017 година на Агенција за филм на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 129**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на реализација на Проектот за користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 130**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија во периодот јануари-јуни 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 131**

Владата го разгледа Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 132**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Извештајот за книговодствена вредност на работите на аеродромите Меѓународен Аеродром Скопје и „Св. Апостол Павле“ - Охрид, заклучно со јуни 2019 година на ТАВ Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 133**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени мерки и активности за навремено доставување на бараните податоци согласно пропишаните рокови во склучените договори за соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за користење средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 по распишани јавни повици, поефикасна имплементација на ИПАРД II согласно точка 7 од Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 134**

Владата ја разгледа Информацијата за известување на Владата за донесување на решение за одобрување на ловење на дивеч под заштита поради следење на здравствена состојба и спречување на ширење на болеста Африканска чума кај свињите, како материјал за информирање.

**Точка 135**

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план за реализација на Проектот „Подобрување на евиденција на шумскиот фонд“ за период 2014-2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено Владата заклучи да престане да важи обврската на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство во иднина да доставува информации за реализација на Проектот „Подобрување на евиденција на шумскиот фонд“ за период 2014-2018 година, согласно Заклучокот од 45-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 26 јули 2016 година.

**Точка 136**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот и активностите во врска со Програмската рамка на организација за храна и земјоделство на Обединетите нации (ФАО) за Република Северна Македонија 2018 - 2020, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во врска со оваа активност Владата да ја информира еднаш годишно, а не шестмесечно.

**Точка 137**

Владата ја разгледа Информацијата за Програмата и приоритетите на Финското претседателство со Советот на Европската Унија, со календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци на Европската Унија, како материјал за информирање. Истовремено Владата заклучи да се има предвид мислењето на Секретаријатот за европски прашања, во кое се укажува на потребата од ажурирање на придружниот календар за одржувањето на неформалните министерски состаноци во рамки на Претседателството со неформалниот министерски состанок за правда и внатрешни работи -ЗБ, кој е предвидено да се одржи на 18-19 ноември 2019 година.

**Точка 138**

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Петнаесетти состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, Брисел, 19 март 2019 година, како материјал за информирање и го задолжи Министерството за надворешни работи да ја усогласи Информацијата со укажувањата изнесени во мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 139**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во периодот 1.4.2019 - 30.6.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 140**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на мерките и активностите предвидени за надминување на проблемот на лицата кои не поседуваат лична документација, како материјал за информирање.

**Точка 141**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 142**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определена д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска Петровска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 143**

Владата го разгледа Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за развојни политики за јавни финансии и конкурентност и го утврди со следните заклучоци:

1. Член 2 да се дополни со одредба дека во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за задолжување на Република Северна Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за развојни

политики за јавни финансии и конкурентност, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определена д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 144**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кочани, со заклучок предлагачот претходно редакциски да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 145**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност, во предложениот текст.

**Точка 146**

Владата ја разгледа Информацијата за покачување на платите во основното, средното и високото образование во Република Северна Македонија за 5% почнувајќи од исплата на платата за септември 2019 година, со текст на спогодби и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува министерот за образование и наука да ги потпише спогодбите со Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (СОНК) за реализација на предвиденото покачување на платите во основното и средното образование за 5% почнувајќи од исплата на платата за септември 2019 година.

2. Се задолжува министерот за образование и наука да изготви решение за новите коефициенти за покачување на платите кај јавните високообразовни установи и јавните научни установи за 5%, почнувајќи од исплата на платата за септември 2019 година.

Истовремено, Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и за наредната седница на Владата да достави информација за тоа во кои институции или сектори (здравство, образование, одбрана, државна и јавна администрација и слично) се покачуваат платите од 1 септември 2019 година, како и кој и на кој начин треба да ги подготви овие материјали.

**Точка 147**

Владата ја разгледа Информацијата за давање мислење за основање на општинско основно училиште „Киро Глигоров " во општина Центар, ја усвои Информацијата и даде позитивно мислење за основање на општинско основно училиште „Киро Глигоров", општина Центар.

**Точка 148**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за трговија и услуги ЕУРОКАН ЗЕМЈОДЕЛИЕ ДООЕЛ Скопје за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги ЕУРОКАН ЗЕМЈОДЕЛИЕ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

**Точка 149**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за образување на Национална комисија за мало и лесно оружје, со заклучок Министерството за внатрешни работи да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство, согласно Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје (МЛО).

**Точка 150**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-решението за именување претседател, национално контакт лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје, за наредната седница на Владата, откако претходно истото ќе биде разгледано на седница на Комисијата за политички систем.

*

*　　　*

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:10 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |